# ПАТ Скопје

Арх. бр.05-23
Датум: 19.09.2017

Предмет: **Барање за доставување на понуди за истражување на јавно мислење во рамки на Проектот „Јакнење на институционалната транспарентност, отчетност и интегритет“ поддржан од Канадскиот фонд за локални иницијативи.**

Почитувани,

Здружението Обучувачи на јавна администрација (ПАТ) Скопје, Ве поканува да доставите понуда за испорака на телефонско истражување за потребите на гореспоменатиот проект.

1. Во рамките на проектните активности е предвидено едно испитување на јавно мислење на територија на Р. Македонија.

- Испитувањето треба да биде телефонско истражување и треба да биде спроведено на репрезентативен примерок од 1080 испитаници. Прашалникот за истражувањето треба да биде развиен од страна на понудувачот во координација со имплементаторот на проектот. Прашалникот треба да содржи отворени и затворени прашања.
- Прашалникот би содржел 10 прашања и би бил со времетрање од 10 минути.

2. Во прилог на понудата треба да се достави и следната придружна документација:

- Тековна состојба на добавувачот, не постара од една година;
- Потврда од Централен Регистар на РМ од добавувачот дека против правниот субјект не е поведена стечајна постапка и нема забрана за вршење на дејност;
- Портфолио со претходни слични ангажмани од последните три години.

3. Критериуми за оцена на понудите:

- Квалитет на портфолио: 60 бодови
- Цена: 40 бодови

Понудите треба да бидат доставени на официјалната емаил адреса на Здружението Обучувачи на јавна администрација (ПАТ) Скопје: patskopje@gmail.com. Доставените понуди треба да се со валидност од 30 календарски денови.

Предвидениот буџет за оваа активност не надминува 347.867денари.

Понудата треба да се достави во рок од 7 работни дена од денот на објава на овој повик, но не подоцна од **29.09.2017** година, до 16:30 часот.

Со почит,

Љупка Симоноска Сцхулз

Претседател на ПАТ Скопје